МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA



# ГРАДСКАТА НОСИЈА И МОДНАТА ОБЛЕКА
## ОД 19. И ПОЧЕТОКОТ НА 20. ВЕК

# ГРАДСКАТА НОСИЈА И МОДНАТА ОБЛЕКА
## од 19. и почетокот на 20. век



Свадбата на Уранија Този, Охрид, 1910 година.

| | |
|---|---|
| Издавач: | **Н У Музеј на Македонија** |
| За издавачот: | **д-р Мирјана Нинчовска** |
| Координатор: | **Боре Неделковски** |
| Автор на изложбата и каталогот: | **Сања Димовска** |
| Соработници: | **м-р Татјана Ѓорѓиовска, м-р Владимир Јаневски** |
| Превод на англиски јазик: | **Јасемин Назим** |
| Лектура (македонски јазик): | **Јасмина Ѓорѓиева** |
| Црно-бели фотографии: | **Фототека на Музеј на Македонија и од фотографските албуми на семејствата: Коробар, Този, Букле, Аврамчеви, Туфа, Чаушев, Икономови, Петровски, Настеви, Катланови, Корнети, Ристовски.** |
| Колор фотографии: | **Маја Аргакијева** |
| Дизајн на каталогот: | **Ovation Advertising** |
| Конзервација и подготовка за излагање: | **Јагутка Деловска, Љупка Ристовска** |
| Техничка реализација на изложбата: | **Владимир Деловски, Михаило Апостолов, Вера Тодорова и Лилјана Миладинова** |
| Печати: | **Пропоинт** |
| Тираж: | **300 примероци** |

**Скопје 2014**

**Проектот е реализиран со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

391(497.7-21)"18/19"(083.824)

ДИМОВСКА, Сања
Градската носија и модната облека од 19 и почетокот на 20 век / [автор на изложбата и каталогот Сања Димовска ; соработници Татјана Ѓорѓиовска, Владимир Јаневски ; превод на англиски јазик Јасемин Назим ; колор фотографии Маја Аргакијева]. - Скопје : #НУ #Музеј на Македонија, 2014. - 32 стр. : илустр. ; 27 см
Summary : Urban costume and fashion dress in Macedonia in the 19th and early 20th centuries / Sanja Dimovska.
- Библиографија: стр. 31-32

ISBN 978-9989-917-60-8

а) Градска облека - Македонија - Каталози од изложба
COBISS.MK-ID 97079306

Во текот на 19. век, процесите на националната преродба, модернизација и европеизација, го зафатиле целиот Балкан. За разлика од соседните држави на Балканот кои формирале свои национални држави, Македонија останала во рамките на Отоманската Империја сè до балканските војни. И покрај обидите за реформи на Империјата, овие процеси кај нас имале поинаков и позабавен тек.

Бројот на градското население во Македонија, во текот на целиот 19. век бил во постојан пораст. Интензивниот развој на занаетчиството и трговијата привлекувал многу доселеници, што довело до зголемување на христијанското население во градовите. Покрај османлиските претставници на власта и другото турско население, речиси две третини од населението го сочинувале македонски, влашки-цинцарски, еврејски и европски трговци, посредници и занаетчии. Иако, сè уште, половина од градското население се занимавало со земјоделство и градинарство, во Македонија се формирало граѓанско јадро кое ќе биде носител на промените во статичното османлиско секојдневие. Занаетчиското производство и трговијата, во кои веќе голем удел имале Македонците, ги надминувале локалните рамки и производите од Македонија се продавале на пазарите не само низ Империјата, туку и во европските земји. Македонските трговци, како велешанецот Ѓеорги Драндар, кому султанот Махмуд II му дал специјален царски берат во 1836 година за непречено патување, потоа браќата Робеви од Охрид, со свои магазини во Битола и филијали во Лајпциг и Виена, како и со свои претставништва во Белград и Трст, трговците од Банско кои тргувале со памук за средна и западна Европа, а оттаму пренесувале колонијални и индустриски стоки кои ги пласириле на панаѓурите во Македонија, вршеле интензивна трговска размена со сите трговски центри во Империјата, како и со босанските, српските, албанските, бугарските и грчките градови. Од Белград, со бродови по Дунав, пренесувале стоки до Австрија и Германија. Тргувале и со Русија, со градовите Одеса и Киев. Размената се вршела и по море преку солунското, кавалското и драчкото пристаниште. Важноста на отворените годишни панаѓури во Струга, Серес, Прилеп, Охрид, Дојран, се зголемувала заради зголемената размена со странски трговци. На овие панаѓури домашните трговци и занаетчии набавувале западноевропска и колонијална стока која во втората половина на 19. век ги преплавила домашните пазари. Во овој период се основале и првите фабрики и мануфактурни работилници, како онаа на Кецкаровци од Охрид, кои се занимавале со кожарство, и отвориле претставништво



во Лајпциг. Во Солун и Серес се отвориле текстилни работилници и бојаџилници. Скопскиот трговец со памучно предиво, Кочко Хаџи Бошков, отворил ткајачка работилница во Скопје со 15 разбои. Во Велес имало работилници за гајтани на вода кои вработувале 50 луѓе. Во Гевгелија имало 9 свиларници со 62 разбоја, а во Дојран предилница со 40 разбои. (Историја на македонскиот народ, 1969, 21, 22, 23, 51)

Во шеесеттите години на 19. век се трасирале модерните патишта кои уште потесно ги поврзувале македонските градови. Паралелно со ова, се поставувале и првите телеграфско-поштенски линии. Околу 1869 година, почнало трасирањето на железничката линија која водела од Солун до Скопје и оттаму до Косовска Митровица. Била пуштена во 1873 година. (Историја на македонскиот народ, 1969,45)

Иако во зачеток, ваквите економски прилики придонеле да се развие богат и разновиден градски живот. Во градовите се формирале јавни установи како болници, аптеки, библиотеки, хорови, театри. Кон крајот на 19. век во Македонија ги имало сите видови на училишта - трговски, земјоделски и учителски школи. Градителството, уметноста на живописувањето и резбата го достигнале својот зенит. Градските куќи се граделе по углед на европските. Многу млади имале можност да се образуваат во странство. Задоени со идеите на просветителството, македонските преродбеници ги собирале и објавувале народните песни и умотворби, со што се кристализирале идеите и сознанијата за посебноста и единственоста на македонскиот јазик, обичаи и култура. (Историја на македонскиот народ, 1969, 137)

Христијанските трговци и занаетчии, како и печалбарите, биле носители на промените во македонските градови. Реформите во турската управа од средината на векот (Хатихумајунот од 1856 година) со кои им се ветувала верска и национална рамноправност на сите народности во Турската империја, со кои во суштина не било сменето многу, довеле до поактивно учество на Македонците во управата и водењето на градот и чаршијата. Чаршијата, пак, јадрото во кое се одвивал целиот јавен, економски и општествен живот и од каде, со низа непишани правила и норми, се диктирало општествено прифатеното однесување, во суштина била изразито ориентална, длабоко традиционална и патријархална. Промените во начинот на живот и европските навики се прифаќале бавно и воедначено во сите делови од земјата. За Битола, како административен и економски центар на регионот, Ј. Хаџи-Васиљевиќ, напишал: *„Се забележува постепен премин од стариот турски кон модерен град; во него особено паѓа во очи борбата помеѓу византиско – цинцарската, патријархалната и турската културна зона од една, и новата, европска култура, која доаѓа од Солун и другите приморски градови на југот, од друга страна."*(Ј. Хаџи-Васиљевић, 1911, 211) Патеписецот Кузинери, опишувајќи го дворецот на Јусуф бег во Серес, вели: *„Тоа не се веќе старите особини на Турците, европскиот*

*луксуз навлегува кај нив пред индустријата којашто е во состојба да го одржува."* (Македонија во делата на странските патописци 1778-1826, 1991, 625).

Друга важна особеност на отоманската колективна идентификација е облеката. Владејачката елита во сите провинции на Империјата, се облекувала во турски стил. Овој стил го имитирале граѓаните од која било подредена популација која имала аспирации кон повисок статус и богатство и заради тоа сакала да се облекува во прифатениот и модерен костим од даденото време. Постоел невообичаено голем избор на различни костими во кои коегзистирале турските и домашните традиции, влијаејќи една на друга за заемно збогатување. (J. Scarce, 2003,14)

Во поделеното, по вера и националност, османлиско општество, облекувањето не го издвојувало поединецот само по богатството, туку го покажувало и неговото место во општеството. Овој османски концепт бил имплементиран и на покорените христијани. (М. Коцић, 2010, 25) Со прецизни правила и норми, турските владетели со векови го регулирале начинот на облекување на сите општествени слоеви, со што дополнително ја обезбедувале својата доминантна позиција. Прописите особено се однесувале на повисокиот слој на христијанските занаетчии и трговци кои поради својата материјална положба можеле да ги копираат своите господари и со тоа да го нарушат воспоставениот хиерархиски поредок. Цепенков, кој во 1889 година пишува за занаетите во Прилеп, прецизира кој занает какви алишта изработува, од какви материјали и за кого, па вели: *„Чојаџиите шијат од чоја само за Турците долами, потури, чепкени, шалвари, минтани, казеќии."* Овие облеки биле везени со свилено бикме и со срма. Аз'рџискиот занает правел алишта за селските Турци, додека ифчискиот еснаф шиел за *„граѓаните Бугари и Власи и друзи кои не носат од аз'рџиите готои алишта"*. (М. Цепенков, 1972, 30, 33)

Чаршијата, односно занаетчиите биле креатори на материјалната култура на градовите, а со тоа и на облеката. Нивното производство ја отсликувало статичноста на османското општество. Тие станувале врвни уметници во своите занаети-мајстори, повторувајќи ги со векови истите форми и на тој начин формирајќи го владејачкиот вкус и мода. Облеката на градското население во Македонија, во првата половина на 19. век, е во турско-ориентален стил. Облекувањето на мажите и на жените, било во согласност со прописите и со занимањето, односно со социјалниот статус.



1. Облека за млада жена во турско-ориентален стил. Тетово, крај на 19. век.



Побогатиот слој на христијанските занаетчии и трговци се облекувал во турска облека изработена од најфини ткаенини, богато украсени со вез од срма и гајтани. Таа облека се состоела од бројни и разновидни делови кои се носеле едно преку друго, но така што долните слоеви не биле наполно покриени. Од домашните материјали се користеле повеќе видови на платна од памук и свила со надолжни риги - *кенари,* од кои биле изработени кошулите и гаќите. Горните облеки биле направени од увозни ткаенини како чоја, свилено и памучно кадифе, разнобојни свилени ригасти ткаенини и ткаенини со други дезени. Од чоја во темни бои се изработувале чакширите, потурите, шалварите кои во горниот дел биле многу широки и набрани со учкури на половината. Во долниот дел се стеснувале и се закопчувале со метални копчиња. Овие облеки биле украсени со вез од свилен конец и гајтани, исто така во темни бои. Вака украсени биле и чоените тозлуци кои се носеле преку долниот дел на нозете. На горниот дел од телото, преку кошулата, се носеле елек, минтан, фермен, џамадан чии поли се преклопувале преку градите. Овие облеки, со или без ракави, биле направени од чоја или од кадифе, со



2. Томо и Севастија Букле со семејството. Крушево, 1884 година.

вез од срма или свилени гајтани-бикме. Се правеле и од памучни или свилени пругасти материјали од ориентално потекло со што се добивала уште поголема шареноликост и раскош на целокупниот изглед. Од вакви материјали се изработувале и долгите до глуждови антерии, истотака обрабени со гајтани. На половината се носел појас од волнена ткаенина или свилен разнобоен појас, во зависност од комбинацијата и приликата. Преку сите овие облеки се носеле салтамарки од чоја за лето, дебели шаечни капути за зима и ќуркови, најчесто направени од темна чоја и поставени со кожа. На рабовите на предниците обично имале кожа од лисица или друг дивеч. На главата се носеле најчесто фесови. Ваквиот состав на облеката на христијаните се разликувал од облеката на турските владетели по изборот на материјалите и нивните бои, како и по украсувањето кое кај христијаните било далеку поскромно. На пример, во оставината на Хаџи Хусеин Ага од Битола од 1801 г. (Турски документи за македонската историја 1800-1803, 1951, 95-99) е наведен попис на неговата облека во кој се набројуваат:*„долама, џубе од чоја, џубе од кашмир, џубе ќурк, антерија, капут, елек, бечви од чоја, бечви од кашмир"*. Во сличен документ, оставина на покојниот Спираки, син на Михаил Безирџија од Битола од 1817 г. (Турски документиза македонската историја1818-1827,1957, 8-11), меѓу другите предмети е набројана и неговата облека: *„џубе од чоја, џубе-ќурк од чоја, минтан, жолта зимска антерија, антерија од шам, либаде, елек, потури од модра чоја, тозлуци од чоја итн."* Споредбата на овие два документа покажува дека облеките имаат исти имиња и, таму каде што е наведено, се гледа дека се од исти материјали, освен облеката од кашмир која ја нема во оставината на Спираки. Бидејќи цените се изразени во различни валути, не е можно да се спореди нивната вредност, но сосема е сигурно дека постоеле разлики, најверојатно во украсувањето. Кај пописот на облеката на покојниот Спираки се спомнуват неколку антерии. И В. К'нчов, во описот на Битола од крајот на 19. век, кога зборува „за еснафите", ги опишува антериите: *„...некои носат долги прилепски антерии и кусо појасче преку половината, а на плеќите кусо фермене. Власите носат дебели сини шаечни антерии кои се широки во долниот дел. На плеќите носат сино фермене."* (В. Кьнчов, 1970, 388) Најмногу податоци за нив ни дава описот на Ѓ.Трајчев за Прилеп, каде што подетално ја опишува машката носија и антериите: *„Позаможните мажи се облакаа во чоени чакшири, копринен појас, минтан чоен со копринени гајтани. После тоа, од пред 40-50 години, се воведе антеријата. Облека*



3. Женска облека во турско-ориентален стил. Тетово, крај на 19. век.

*сигурно позајмена од битолските евреи или цинцари. Таа е направена од памучен материјал „топче-маница“, разнобоен. Во постаро време на пазаро доѓале од Виена а покасно се изработувале и во Серес. Материјалот е еден од најтрајните и цело топче се купуваше за 18-20 гроша. Така што антеријата чинеше околу 40-50 гроша сосе шиење и астар (постава). И така, продолжуваше да живее антеријата со години, кога од празнично облекло се доведе до делнично. Така продолжи до неодамна, кога антеријата се истисна од панталоните (вренски алишта-вренска руба) и таа си ги сочува само делничните денови за себе.“* (Г. Трајчев, 1925, 182-183) На фотографијата на семејството Букле (сл.2) од Крушево, снимена на крајот на 19. век, мажот, како и сите машки деца, се облечени во кошула и минтан закопчан до грлото. Над него носат долга антерија од пругаст материјал со длабок преклоп на градите преку која на половината е обвиткан појас. Над антеријата, машките деца носат ќуркови поставени со кожа или капути. На главите сите мажи носат фес. Вакviот состав на облеката, во темни и загасити бои и малку украси, со помали или поголеми варијации е стандардната облека на повисокиот слој на машкото градско христијанско население. Антеријата е типична ориентална облека присутна и во машката и во женската облека, со долга историја (J. Scarce, 2003,46), а која ја прифатиле и другите народи во Империјата со варијации во бојата и квалитетот на материјал од

4. Семејство Аврамчеви, Гевгелија, крај на 19. век.



кој е изработена (Souvenir, 1993, 21). Антеријата од свилен материјал и ќуркот со кожа од лисица увезена од Русија, на пример, кој можел да чини и 10 лири, (М. Константинов, 1961, 38), биле предмети кои го симболизирале општествениот и економскиот статус на угледните и богати занаетчии и трговци. Овој тип на облека, иако повеќе евидентиран во Битола, Прилеп и градовите кои гравитираат кон нив и кон Солун како трговски и модни центри, со свои локални варијанти и модификации се појавува во сите градови во Македонија.(Сл.4)

Посиромашното христијанско градско население, кое се занимавало со земјоделство, со занаетчиство и услужни дејности, нарачувало облека кај градските занаетчии, но од домашни материјали и со многу малку украси, иако многу од нив, сè уште ја носеле својата народна носија. Како што опишува Г.Трајчев, во Прилеп:*„До йред 40-50 їодини на мода беа шаечни облеки, од домашен шаек, во боја црн или чивийлија(йемно-син). На нозейе сйаваа „йрйеници", како їамашни, но со „койци" од йел наречени машки и женски, йо 10-15 реда. Тие сйиїале до коленайа и се врзувале со „йод–вески", йамучни шарени ленйи како колан доліи до 50-60 см. Над нив се „бечви", од шаек, облека со две ноїавици, доліи до йод коленайа, во седалишйейо йошироки и со два џеба. Се врзуваай со учкур околу йоловинайа. На їрбой над кошулайа се облекува „џамадан" или „елек" со ракави или без, и се oйашува со йојас волнен, доліи 3-4 мейри, широк околу 25 см. бојадисан црвено или винено. Најодозїора се облекува „салйамарка", облека со ракави и їо йокрива їрбой до йојасой. Некои носай „доламче" или „кувче" намесйо бечви. И йоа е шаечно, без ракави и долїо до йод коленайа. Боја црна или йемно сина. На їлавайа се йура фес со йискул."* (Г. Трајчев, 1925, 182) Слични описи на облеката на мажите имаме и од Струга и Радовиш. (В. К'нчов, 1970, 467; Г. Петров, 1896, 664)

Прифаќањето на европските влијанија и преминот кон европската облека се одвивале многу бавно и постепено. Фотографиите на градските семејства, кои датираат од последните децении на 19. век, покажуваат дека во рамките на овој конзервиран состав на облеката се воведуваат нови елементи како европска кошула и кравата, а антеријата се изоставува



5. Женска антерија од сина свила – атлас. Везена со срмен конец и обрабена со срмен гајтан. Скопје, крај на 19. век.

(Сл.6). Ќурковите се заменуваат со европски кроено долго палто кое често има постава од крзно, како и ќуркот, што се гледа на реверите. Овој специфичен спој на ориентална и европска облека ја опишале и патеписците Мекензи и Ирби во 1863 г.:„*Куќата во која живеевме во Велес му припаѓаше на еден богат трговец. Беше наместена по европски, а нашиот домаќин носеше еден вид преодно руво кон француското, какво што често се среќава во турските градови, тоест, широки бели бечви, црно палто и еден малечок црвен фес...*" (Македонија во делата на странските патописци 1850-1865, 1992, 603).

6. Семејство Катланови, Скопје, крај на 19. век.



Традиционалниот и конзервативен состав на облеката, иако освежен со европски елементи, продолжува да опстојува долго и во првите децении на 20. век. Најпрво како облека за работа во делнични денови, за на крајот да остане само во облеката на возрасните лица. Постепеното заменување на делови од облеката со европски, барем во облеката на постарите мажи, не го менувала драстично целокупниот изглед и карактер на облеката затоа што и европските панталони и палта биле изработувани од истите домашни мајстори и од домашни материјали, подебели и темни

штофови, без украси, и се комплетирале со високо закопчан елек, груби чевли и капа слична на фес. Така, целокупниот изглед на облеката сè уште го задржува традиционалниот карактер.

Ваквата состојба можеби може да се објасни со дефинирањето на поимите моден и фиксен костим. М.Прошиќ-Дворниќ, во врска со ова го цитира J.C. Flugel, според кој „фиксираниот костим" се менува бавно, но затоа, пак, покажува богатсво во регионалните разлики, но и разлики во однос на општествената положба на носителот внатре во заедницата. Спротивно на ова, „модниот костим" се менува мошне брзо, но е ист во сите делови на светот кои се наоѓаат под исти културни влијанија и меѓу кои постојат адекватни системи на комуникација. Меѓутоа, потребно е да се нагласи дека во реалноста доаѓа до преклопување на едната категорија во другата. (M. Prošić-Dvornić, 2006, 230). На пример, и најфиксираниот костим, како селската носија, создадена во традиционалната заедница, била подложна на постојани иновации и промени во текот на подолги временски периоди. Исто така, и во рамките на модната облека може да се направат фиксирани вариетети. Во случајов, градското население, од асортиманот на модната облека со која биле во директен контакт преку нејзиното присуство на пазарот, направиле свој фиксиран вариетет, односно своја носија која била препознатлива и постојана додека траеле и потребите за нејзиното постоење. Анализата на облеката на машкото, градско население, покажува како основните структурни елементи на ориенталната облека се трансформираат во варијанти кои се препознаваат како локални или национални. Дури и тогаш кога ориенталните елементи се изоставуваат и се заменуваат со европски елементи, како панталони и палта, се задржува врската со локалните мајстори и домашните материјали со што целокупниот изглед на облеката го задржува конзервативниот и традиционален изглед. Трансформацијата се одвива постепено, во подолг временски период, а варијантите се со долго траење и постепено преминување од репрезентативна во секојдневна облека и облека за возрасните мажи и жени, за кои, според сфаќањата на патријархалното општество, е неприфатлива промена. Трансформираните делови од облеката го продолжуваат својот живот во облеката на селското население и во ритуалните прилики како поклади, фестивали итн.



7. Женска антерија од розова свила – џанфез. Везена со срмен конец и обрабена со тантела од срмен гајтан. Скопје, крај на 19. век.



Слични процеси се одвиваат и во формирањето на женската градска носија. Како и во машката, и во женската облека доминирал турско-ориенталниот стил на облекување кој се задржал во текот на целиот 19. век. Христијанките и Турчинките, според социјалниот статус и економските можности, имале повеќе разновидни делови од оваа облека. *„Во градовите и во поголемите села на целиот крај оттаму Вардар (скопско), турските „чинтијани" се како народен костим. Во Штип, Кратово, Паланка и др. секоја невеста покрај другиот чеиз треба да приготви и неколку рала чинтијани. Сите и жени и деца знаат турски. Највеќе ги сакаат турските љубовни песни „манињa". Во Штип жените редовно пушат тутун што е чисто турска анамска навика."* (Ѓ. Петров, 1896, 725) Над кошулите од памучни и свилени платна со кенари украсени со ситни оји од свилен конец околу вратот и по рабовите на ракавите, се носеле чинтијани или шалвари од свилени и полусвилени материјали како атлас, дамаст, џамфез, гезија, алаџа, во интензивни бои или од дезенирана памучна басма. Со чинтијаните се носеле антерии, направени од свилени пругасти или везени материјали и опточени со срмени гајтани и оји. Тие биле слични по крој на машките, со подлабок отвор на градите и расцепи на страните низ кои можеле при одење да се видат наборите на чинтијаните. Горните облеки - елек, минтан, либаде, фермене, шкуртелка или „чкуртелка", биле направени од памучно или свилено кадифе, во интензивни бои, богато везени со срмен конец, гајтани и ширити. Минтаните и елеците уште биле украсени со декоративни петлици од срма со корални мониста, поставени по рабовите на предниците или на долниот дел на ракавите. Така богато декорирано било и џубето, долго до под колена, без ракави, во долниот дел ѕвонесто проширено, направено од чоја или кадифе. На половината се носеле свилени шарени појаси. И жените, како горна облека, носеле долги или кратки ќуркови од чоја, поставени со кожа и крзно од лисици и самури. Подоцна ќурковите се правеле и од атлас и кадифе. На главите носеле свилени и памучни шамии, украсени со оји и накит направен од монети. По својата убавина и претенциозната декорација со срмен вез, тетовската носија, на пример, не заостанувала зад облеката која се носела во соседните градови како Призрен, Приштина, Врање. (J.Трифуновски, 1985, 62) Побогатите, жени на успешните занаетчии и трговци, исто како и богатите Турчинки поседувале такви делови облека кои поради материјалот за изработка и декорацијата чинеле цело богатство. Тие се пренесувале од генерација на генерација во семејството како скапоценост која се чувала и се користела само во најсвечени прилики. Тоа е една од причините за долгото траење на овој тип на облека и неговото долготрајно и постепено заменување со европската модна облека. Анализата на деловите од составот на ориенталната облека, зачувани во музејските колекции, ни открива детали на европската мода вметнати во кројот и орнаментиката на традиционалните облеки. Такви се, на пример, набраните ракави

на кошулите кои завршуваат со манжетни, појавата на брусни, на горните облеки, за постигнување на ефект на припиеност на облеката до телото. Некои антерии во кројот се приближуваат кон европскиот фустан со тоа што се сечени и набрани во половината, додека материјалот и декорацијата се традиционални. Во декорацијата се појавува замена на срмениот вез и ојите со позамантериски ленти и карнери, како и примери на европски кроена облека, декорирана со ориентален вез од срма во техника „maraş". (Ö.Barışta, 1978, 47) Дури и по воведувањето на европските фустани, во облековниот инвентар на жените се забележува носење на двата типа облека, едно преку друго. Како што забележал Ѓ. Петров во Радовишката каза:„...*градскиѿе жени носаѿ шалвари, како ѿуркињиѿе. Леѿно време ги носаѿ од горе а зимно време ѿод фусѿаниѿе. Над нив облекуваат горна облека од чоја која ѿука се вика „ѿолка". Фусѿаниѿе им се од ефѿини маѿеријали. Свилени облеки носаѿ само најбогаѿиѿе.*" (Ѓ. Петров, 1896, 664)

Постепеното трансформирање на познатите форми и обрасци на облекување се огледа и во еден специфичен пример. Веќе и порано покажавме дека добар дел од градското население се облекувало во својата народна селска носија. Процесите на трансформација на носијата под влијание на градот се тема за друга прилика, но овде се значајни примерите на женската носија во Струга и Ресен каде што традиционалниот состав и кроеви на носијата се трансформирани во градски само со промена на материјалите од кои е изработена и украсувањето. Додека на село носијата се изработувала од домашно ткаени материјали, стружанките и ресенчанките ја правеле облеката од купечки платна достапни на градските пазари и кај градските занаечии. Во струшката градска носија се изоставени разнобојните везови на кошулата и тие се заменети со пораби од оји. Горните облеки се направени од кадифе и навезени со срмен вез. Во ресенската градска носија задржана е везената кошула, но доминира репрезентативното џубе, направено од чоја со карактеристичен срмен вез на половината и опточено со крзно од лисица по рабовите. Главите ги покривале со свилени марами, а на нозете носеле кондури. (В. Кьнчов, 1970, 467) Впечатокот кој оваа носија го ос-



8. Машка градска носија. Антерија од памучна алаџа и ќурк од чоја. Скопје, почеток на 20. век.



тавала го запишал патеписецот Лудвиг Куба во својот опис на Голубинка од Струга: *„Седеше п̄ред мене нат̄страна, рацет̄е ст̄авени на брокат̄нат̄а ост̄ро сина п̄рест̄илка со г̄олеми злат̄ни лист̄ови на акант̄. Ст̄ег̄нат̄от̄о п̄урп̄урно елече беше лемувано на г̄радит̄е и на ѕвонест̄ит̄е широки ракави со т̄ежок злат̄ен вез. Свет̄ло розоват̄а шамија на т̄емет̄о беше вп̄лет̄ена во косат̄а и п̄аѓаше п̄о п̄леќит̄е, со шт̄о ја зат̄вараше сликат̄а на која г̄ледав со задоволст̄во не само јас, но и сот̄руг̄от̄."* (Л. Куба, 2007, 187)

9. Возрасна жена со дете, Ресен, почеток на 20. век.



К. Шапкарев кој пишува за Охрид во втората половина на 19. век, вели дека народната носија е присутна само во маалата Месокастро и Кочишта, и дека носијата на жените од пред 60-80 години се разликувала од денешната европска и полуевропска. Првата ја нарекува стара или народна, втората средна, за разлика од денешната. (К. Шапкарев, 1976, 268). Оваа белешка на Шапкарев е карактеристична за записите на македонските преродбеници, кои многу повеќе се интересирале за народната носија, а градската ја опишувале како неавтентична и странска – европска. И Ѓ.Трајчев во својот опис на женската облека во Прилеп вели: *„Во Прилеп̄ нема особена национална носија. Женит̄е целосно се облечени во облеки европ̄ејска фабрикација-п̄амучни, волнени или коп̄ринени-свилени мат̄еријали. А во п̄оследно време се носи, крои и шие п̄о моднит̄е журнали од Париз и Виена. До скоро женит̄е имаа за г̄орна облека ќурк - од чоја со п̄от̄–п̄лат̄а (кап̄ладисан) од кожа, а околу врат̄от̄ и однап̄ред лисичја кожа. На г̄лават̄а ст̄аваа „шамиче" п̄амучно*

*и „чкеūе" (коūринено). На ушиūе носаū „обеū-ки" од злаūни монеūи (менхудии, махмуди и др.). Косиūе ѓи заūлеūуваат во две „ūрцлиња" (ūлеūенки). Во ūосūаро време, ūред 60 ѓодини се носеле и ūафūи".* (Г. Трайчев,1925, 182- 183) Во овој опис Трајчев воочил една многу битна разлика помеѓу *„облеки евроūејска фабрикација"* и облеки *„ūо модниūе журнали од Париз и Виена"*. Имено, ваквите описи, присутни во белешките на современиците и патеписците, како и фотографиите на градските семејства, како непроценлив извор за проучување на градската облека, ни укажуваат на постоење на еден особен начин на облекување на градските жени, различен од директно преземените модни обрасци од Европа, кој е најверојатно присутен и оформен во Македонија веќе во средината на 19. век. Под несомнено европско влијание, но не директно, туку посредно, преку познатите и веќе прифатени модни центри како Битола, Солун и Софија, се формира облека во која основниот елемент е фустанот. Фустанот е сечен во струкот и има многу набран долен дел долг до глуждовите. Горниот дел е кроен тесно до телото, со долги тесни ракави и раскопчување на средината на градите, од вратот до половината. Фустаните биле направени од памучни, волнени и свилени материјали, најчесто во потемни и загасити бои за постарите жени:*„Сūариūе жени овде носаū ūемни, ūа дури и црни фусūани. И воопшūо јужниūе евроūски краишūа имаат склоносū кон ūаа боја"*, пишува Куба. (Л. Куба, 2007, 14)(Сл.9) Помладите носеле фустани во посветли бои, од повеќе видови на свилени и полусвилени материјали, рипс, тафт, сатен-атлас. Поедноставните модели биле украсени најчесто со хоризонтално поставени украси од пораби или кадифени и позамантериски ленти, на долниот дел на ракавите и на здолништето, и вертикални покрај градниот отвор и околу вратот. Фустаните за помладите жени се правеле и дводелни, составени од здолниште и блуза од истиот материјал, најверојатно по углед на модните трендови од Европа во последните



10. Фустан за помлада жена од тафт свила, украсен со кадифени пораби. Чоена салтамарка со вез од срмен конец и ширити. Скопје, крај на 19. век.

децении на 19. век. Во Охрид се викале *бојче и ӣољче.* Здолништето е набрано во половината, додека горните делови-блузите се кроени по углед на европските, од повеќе вертикални, тесни парчиња. Ракавите се кроеле и пошироки, со набори во рамениот дел кои надолу се стеснуваат. Декорацијата останува иста со тоа што се потенцира декорацијата на градниот дел кој е украсен со карнери, пораби и ленти кои формираат квадратни или триаголни деколтеа. За жал, само неколку примероци од овие фустани се зачувани во музејските колекции во Македонија, но повеќе примери и локални варијанти среќаваме на семејните фотографии. (Сл.11) Фустаните се комбинирале со типични ориентални горни облеки како ќурк, салтамарка, либаде, кои останале непроменети во кројот и декорацијата долго по оформувањето на оваа носија. Постарите, преку фустанот носеле и скутина направена од еднобојни индустриски материјали со тесни пораби или ленти на долниот раб. На главата се носеле разни шамии и марами, од свилени и памучни еднобојни материјали, со украси од оји по рабовите. Шамиите и марамите имале повеќе називи, *каврак, мумија, шкеӣе, циӣа,* се врзувале преку косата сплетена во плетенки, така што краевите на шамијата се прекрстувале под плетенките, ја обвиткува-

11. Семејство Коробар, Велес, почеток на 20. век.



ле главата и се врзувале на темето. Со ваквата облека се носел накит од пари, крстови на синџирче, а на подоцните фотографии има и модерни саати на долг синџир прикачен на половината или на градите.

За тоа како точно изгледала облеката од голема помош се и описите на трансформацијата на селската облека под влијание на градската. Цепенков, во описот на неколку села близу до Прилеп, вели дека жените носеле како градските жени во постаро време, џубиња, антерии и елеци, со шамии од Серес и со скутини-унечки на половината. Подоцна, повторно по углед на градот, заносиле *„чкуртелии, встани и салтамарки"*. (М. Цепенков,1972, 34) С.Тановиќ, опишувајќи ја облеката во селата од околината на Гевгелија, од крајот на 19. век, детално ги опишува свилените фустани кои се носат со ќуркче кое е поставено со бела кожа, а од напред е украсено со лисичина. Ќуркчето порано се шиело од фина, танка, сина чоја, а подоцна чојата ја замениле со црно кадифе. На нозете се носеле купечки чорапи и црни плитки чевли *„на шнир"*, а подоцна чевли на *„лаштико"*. На главата носеле *мумији* (многу тенки марами) и шамии (бечки и стамболски). Подоцна шамиите ги замениле со *каврак*, тенка свилена марама во разни бои. По рабовите на кавракот имало *кинипа* (тесна чипка исплетена од свилен конец). Кавракот се врзувал на *кључка*, т.е. лабаво, за да може лесно да се симне. За кавракот да не падне го прицврстувале со разни игли. Носеле обетки и прстени направени од пари. Тој уште споменува и делови од долната облека, која се носи под фустанот, со ист крој како него, но без ракави, што се вика *фуска*, и е направена од домашна волнена ткаенина. Под фуската се носела кошула од домашно платно и гаќи со турски крој врзани со учкур.„*И човек да не ги познава, да не знае дека таа иста рака, која денес кокетно го држи чадорот, утре ќе копа или ќе бере пченка...не би рекол дека е во село Богородица, Богданци или во Стојаково туку би помислил дека е негде во средна Европа.*" (С. Тановић, 1931, 43, 135,138) Овие детални описи на об-



12. Градска носија за возрасна жена. Здолниште и палто од свилен атлас и ќурк со крзно од лисица. Прилеп, почеток на 20. век.

леките, како и локалните називи на деловите од облеката, иако се однесуваат на облеката на село, се од голема важност во отсуство на други извори кои подетално би го опишале составот на женската градска облека.

Процесите на европеизирање на облеката и формирање на локални варијанти, биле комплементарни и многу карактеристични за периодот на општата транзиција на општеството од една цивилизациска сфера - турска, во друга, и од еден општествен систем – феудален, во друг капиталистички, напреден. (M. Prošić-Dvornić, 2006, 240). Појавата на формирање на специфична градска носија не е изолирана појава во Македонија. И во соседните, новоформирани држави Србија, Бугарија и Грција, се случуваат истите процеси. Од средината на 19. век, градската носија има слични карактеристики и во соседните земји. Во Србија, во периодот по ослободувањето, се формира т.н. *српски граѓански костим*. Српските автори, кои пишуваат за овој костим, велат дека настанал како симбиоза на старата балканска и источњачка носија, од една страна, и европските влијанија, од друга страна. (М. Јовановић, 1980,100) Во основа, сите главни облековни предмети на овој костим се од ориентално потекло и имаат свои аналогии во градската облека на другите балкански земји. Српскиот *фистан*, по својот крој, материјали и декорација е многу сличен на антеријата за која сметаат дека претрпела трансформации во кројот за што наоѓаат аналогии во ликовните извори за облеката од 18. век од Романија, кои прикажуваат жени облечени по цариградска мода, во фустани слични на *фистаните*, но со непресечен струк. (M. Prošić-Dvornić, 2006, 252; Д. Стојановић, 1980)

Грчките автори, за формирањето на нивниот *национален граѓански костим*, кој исто така е составен од фустан комбиниран со ориентални горни облеки, велат дека настанал во градовите на Пелопонез и станал дворски костим за време на владеењето на кралицата Амалија. (I. Papantoniou, 1976) Бугарските автори истакнуваат дека во формирањето на костимите од градскиот тип, во време на Преродбата, покрај готовите обрасци на европската мода, се наоѓа и локалната традиција и дека таа е обновена и збогатена од самите употребувачи по примерот на европските новости во модата, но сообразно со локалните утилитарни и естетски потреби. Градскиот тип на облека во Бугарија се состои од фустан, од домашна или увозна ткаенина, волнена, памучна или копринена. Фустанот се состои од тесно скроен елек, по горниот дел на телото, и силно набрана или надиплена сукња. Костимот оформен со новата облека продолжува долго време да се сврзува со локалните престилки, колани, горни облеки, забрадки и чорапи. (М. Велева,1981, 136, 140)

Сите споменати автори се сложуваат дека специфичниот тип на облека се оформува како резултат на промените што настануваат во општествено-политичкиот живот во нивните земји, формирањето на национални држави и националната преродба, а со тоа

и новонастаните потреби на градското население. Иако во Македонија не се случиле такви драстични промени, трансформацијата и европеизацијата на Турската империја во 19. век ги зафатила сите нејзини провинции, па и Румелија во чиј состав е Македонија. Отворањето кон западноевропските пазари и напливот на европска и колонијална стока и нејзината достапност, неминовно доведува до промена на начинот на живот, економија и домаќинство на градското население. Зголемената мобилност на населението и контактите со европските, а особено со соседните земји, постепено доведуваат и до промени во сфаќањата за улогата на традиционалната носија во животот. Променетиот живот ја ослободува жената од некои нејзини традиционални врски со старата носија. (Г. Михайлова,1983, 281-287) Носијата која се формира во овие услови е длабоко сврзана со познатите традиционални форми. Европските влијанија се воведуваат постепено и во неколку фази. Прифаќањето на новите материјали и украси, како примерот со носијата во Ресен и Струга, ја претставува првата фаза. Тука спаѓаат и обидите да се трансформира кројот на ориенталните облеки и да се воведат европски детали како, на пример, манжетни, брусни, позамантериски ленти и др. Следната фаза е прифаќањето на облека со различен крој од традиционалниот, како фустанот. И покрај големата промена, неговото комбинирање со традиционалните горни облеки, добро познати и општоприфатени, придонесува да се добие носија која во својата појавност не отстапува многу од традиционалните обрасци. Таа го отсликува конзерватизмот и традиционализмот на повисокиот и средниот слој на градското население, кој е нејзин творец и чувар, а од друга страна, пак, е и носител на промените и модернизмот во општеството. Носијата во оваа форма се задржува најдолго и како таква преживува до почетокот на 20. век. Нејзиното постепено видоизменување, што се гледа во новите материјали и крoеви, во замената на ориенталните облеки со европски и во декорацијата, тече континуирано во текот на целото нејзино постоење. Во следните фази, од репрезентативна таа станува секојдневна носија и носија на постарите жени каква што ја следиме на семејните фотографии до третата деце-



13. Дводелен фустан од бежова свила и бела тантела со вез. Скопје, почеток на 20. век.



нија на 20. век. Паралелно со ова оди и нејзиното преминување во селската носија, а како последна фаза на постоење е нејзината употреба за празници и ритуали како, на пример, за Поклади каде што има функција на маска или „староградска облека" - сценски костим за некогаш популарните пејачки друштва „Распеани...".

Истовремено со градската носија, во градовите се носела и европска облека. Трајчев, говорејќи за Прилеп, вели:*„Во празнични денови граѓаните почнаа да се облекуваат во европејски облеки (костуми), какви до скоро беа достапни само на „чорбаџиите" кои ја посетуваа Европа (Виена, Берлин, Лајпциг). Така што Прилеп на празник изгледаше европејски, а во делник чисто ориенталски. Таа метаморфоза би го збунила секој патник, ако дојде во градот само на празник или само на делник. Истиот впечаток се добива и за женскиот свет, кој за празник се облекува во последната Париска или Виенска мода".* (Г. Трайчев, 1925, 182-183) Градската елита, влашките и грчките трговци и турските господа, биле првите кои носеле европска облека. (Ј.Хаџи-Васиљевић, 1911, 237) Европската облека во форма на готови преземени обрасци, заедно со сите додатоци, била присутна во македонските градови со посредство на европските трговски и дипломатски претставници уште од почетокот на 19. век. Сопругата на австрискиот конзул, кој бил прв претставник од Западна Европа во Битола, поради конзерватизмот на муслиманите, извесно време била принудена да носи и фереџе. (Македонија во делата на странските патописци 1864-1874, 2000, 52) Појавувањето на најнови модели на фустани и машки костуми, како и асесоари кои го комплетираат европскиот изглед, по градските улици, континуирано се случувало посебно во втората половина од векот. Младите образувани мажи и жени биле предводници во прифаќањето на новите модни трендови од Европа. Дури и Турците ја напуштале својата традиционална облека за што ни сведочат неколку белешки од патеписците и современиците. Ѓ. Петров забележува: *„Најпосле и међу Турците почна да се јавува интелегенцијата. Младите излезени од училиштето и многу нивни имитатори се облекуваат по европејски и во постапките и делата се силат да покажат дека се од „алафрангата". Во срцето и душата тие сепак си остануваат Турци".* (Г. Петровъ, 1896, 495) А, пак, Цепенков вели: *„Ретко има Турчин шо е облечен како напред во чоа и срма. Сега позаможните и поучените што сет во конако сет облечени се во вренцќи алишта од казмир и шајаци".* (М. Цепенков,1972, 29) Турците, облечени во европска облека, не оставале секогаш убав впечаток. Патописецот М. Кристал, за Турците во Солун забележал: *„Со жалење ги гледаме Турците кои ја напуштаат развеаната облека, која им ја оставила старата патријархалност и која толку добро одговара на климата. Еден паша во кафеаво или маслинесто палто, ќе биде секогаш една смешна личност.....Турците ги којат своите европски панталони од платна со боја на свеж путер или прасков цвет, кои изгледаат како да се позајмени од*

*гардеробите на нашата Комична опера..... но прашањето за Исток, за да биде решено, бара уште нешто друго освен тесниот фес над тажното маскирање, копирано од старите модни облеки на нашите контиња од Париз."* (Македонија во делата на странските патописци 1875-1878, 2001, 90-91)

Цепенков го опишува шокирањето на прилепската чаршија од појавата на првите европски одела: *„Околу шеесе години има како се облекоа трима ерѓени во Прилеп во вренцки бели пантолони и црни сетриња. Тие беа Коне Кусев, Панду Коста Ника Влав и Ѓорче Томов (или Вердупча). На прв ден Велигден дојдоа на оро (на собор) и коа 'и видоа децата, страшен повик викаа по нив. И на сите викотници и шеѓи шо се шегуаа тие си 'и носеа алиштата. И полека-лека во тоа време вапија големците, бегоите и забитите да носат вренцки алишта. Првио врен-терзија беше мајстор ми Тимион а пак ја бев првио калфа при него шо и шиев вренцкиќите алишта. И по неколку време никнаа којод Битола, кој од Крушоо и сега имаше неколку дуќани наши прилепчани. Вренцките алишта шо се праат поеќето се праат од шајаци домародни и помалце од казмири. Се носат панталони, елек(целетка), палто, сетре, капут, џаќет, пердису, минцикоф и друзи."*(М. Цепенков,1972, 31) Според овој опис, европските одела кои се носеле во Прилеп, биле направени од домашни мајстори и најчесто од поевтини домашни материјали. Домашните мајстори кои шиеле европска облека, т.н. френк терзии, постоеле уште од средината на векот. Шапкарев, во својата автобиографија, го споменува Анастас Стрезов кој го изучил терзискиот занает во Тирана, Битола и Призен. Изучил и за френски терзија, машки и женски, и во Охрид отворил дуќан во 1856 година и *„...беше терзибашија на беговите и пред сите терзии тој беше попрв."*(К. Шапкарев,1987, 61) Во втората половина на 19. век, веќе во сите градови во Македонија работеле френк терзии кои изработувале европска облека за мажи и жени. Постоечките занаети како опинчарскиот и кондураџискиот се прилагодувале на новите потреби и моди. Дури се споменува и отворање на „калосувачки дуќан", услужен занает кој вршел калосување-штиркање на јаките на кошулите. (М. Константинов, 1961, 37, 38,79) Градските чаршии, во ова време, биле преплавени од европска и американска индустриска и колонијална стока. Во нив можеле да се купат најубавите француски и кинески свили, персиски кили-



14. Дводелен фустан од темнозелен сатен, украсен со тантела и позамантериски ленти. Скопје, почеток на 20. век.

ми, француски штофови. (J.Хаџи-Васиљевић, 1911, 223). Хаџи Васиљевиќ, во описот на облеката во Врање, зборува за свилениот фустан од *кроазе*, на младата покојница, која во Врање се омажила од Куманово и починала во 1874 г. Единствено уште Султана, која се омажила во Врање од Велес во 1860 година носела европски фустани. (J.Хаџи-Васиљевић, 1932, 19) За каков тип на фустани станува збор сведочат неколкуте зачувани примероци во музејските колекции, како и семејните фотографии кои ги користиме како извор за проучување на модната облека, а кои датираат од последните децении на 19. век и првите децении на 20. век. Во овие три-четири децении, модните трендови во Европа се менувале често, а од нашите примери забележуваме дека тие во Македонија стасувале истовремено или со незначително задоцнување. (P. Jylian,1982; C. Goldthrope, 1988)

Карактеристични женски модели за крајот на 19. век биле дводелните фустани, со широки и долги здолништа богато набрани во половината, со потенциран набор на задниот дел, комбинирани со блузи од истиот материјал. Блузите имаат набрани ракави во рамениот дел кои под лактот се стеснуваат. Грбот и поставата на предниот дел се соши-

15. Томо и Севастија Букле со семејството, Крушево, почеток на 20. век.



ени од тесни вертикални парчиња така што блузата е припиена до телото и кратка до половината. Грбниот дел е зацврстен со метални ленти вметнати во навлаки и пришиени по рабовите. На предниот дел блузата има декоративен дополнителен дел- пластрон, често направен од различен потенок материјал, кој ги прекрива градите и стои набран над тесниот струк. Блузите имаат висока јака околу вратот која како и градниот дел и ракавите се украсени со тантела, машни, позамантериски ленти и карнери. Со таков крој е фустанот од Куманово (Сл.21), направен од светло-браон свилен брокат со дезен од сивоцрни крупни гранки со цветови. Поставата е од сив памучен материјал. Вака е кроено и здолништето на фустанот од Битола (Сл.22), кој е направен од црн сатен со префинета и елегантна декорација од позамантериски ленти од црни мониста и црна тантела и кадифе. Блузата на овој фустан има декоративни парчиња кои се спуштаат од рамењата кон половината со што се добива ефект на кимоно ракави. Сличен на овој е белиот фустан на фотографијата на Пандора и Димитар Коробарови, снимена во 1909 година или подоцна, со тоа што на фотографијата здолништето веќе има поразличен крој.(Сл.16) Имено, после 1905 година, фигурата на жената се менува, наборите од половината се префрлаат на долниот дел на сукњата под колената, каде што таа се проширува со вметнати клинови и парчиња со фалти. Кројот на блузите не се менува многу, пластронот на градите останува како и декорацијата од тантела и карнери која формира

16. Димитар и Пандора Коробар, Велес, почеток на 20. век.





17. Дводелен фустан од сатен во вишнова боја, украсен со тантела. Скопје, почеток на 20. век.

деколте во полукружна, правоаголна или V форма. Само ракавите го губат наборот во рамениот дел и стануваат потесни. На фотографијата на семејството Букле од Крушево, двете млади жени се облечени во модерни светли фустани, со ваков крој, косите им се исчешлани во високи пунџи, а над нив носат шешири со широк обод украсени со цветови и набори од воал-тул. Во рацете држат чантички сошиени како ќесиња од светол материјал како и фустаните.(Сл.15) Во модната гардероба на жените спаѓале и разни видови на наметки како пелерини, долги и кратки палта и шалови. Единствениот вечерен фустан, кој е зачуван во нашата збирка, е фустанот кој го носела Хамдија, жена на Шаин-бег од Скопје(Сл.13), кој според податоците потекнува од крајот на 19. век. Составен е од широко набрано во половината здолниште и широка блуза со длабоко овално деколте и прави ракави долги до под лактите. Над свилата во беж боја е прикачена мрежеста тантела везена со флорални мотиви. Работ на деколтето е навезен со ситни бисерчиња. Претпоставуваме дека фустанот се носел со корсет, кој би требало да ја обликува формата на горниот дел од телото. Свечените фустани се носеле со долги пелерини или наметки во облик на шалови.

Женскиот костум од тенок волнен штоф, во кој е облечена Пандора Коробарова на фотографијата од 1908 или 1909 година (Сл.18) бил задолжителен дел од гардеробата на секоја госпоѓа која сметала дека е модерна. Тесното и долго здолниште со благо повишен струк, е комбинирано со палто од истиот материјал, долго до колковите, со широки ревери на кои има апликација од друг потенок материјал и вез од тенки гајтани по рабовите на реверите и на долниот раб на палтото. Костумот е комбини-

18. Пандора Коробар, Велес, почеток на 20. век.



ран со бела блуза со висока јака од тантела. На фотографијата се забележува и модерниот накит, брош кој се носи на јаката на блузата, долг синџир со саат-медалјон прикачен на средината на градите, брезлетна, прстени и менѓуши. Првите женски костуми во светот биле претставени од модната куќа Houses of Redfern and Creed, уште во 1890 години, но тој станал популарен дури во првата деценија на 20. век. Заедно со костумите, во облеката на жените се воведува комплет од здолниште и светла или бела блуза, кои комбинирани со различни практични палта станале најпопуларната облека на средниот граѓански слој. За разлика од народната традиција, со европската облека се носела и модерна долна облека како потсукњи, комбинезони, од памучни и свилени домашно ткаени платна, украсени со оји, и сатенски ленти. Комбинезоните се правеле и од свилени материјали. Сеноселе и чорапи плетени рачно и машински, од тенка памучна и волнена преѓа.

Машките костуми или утрински одела се состоеле од палто со едноредно закопчување од серж, ворстед, шевио, викина во црна или железно сива боја. Елекот, со едноредно или дворедно закопчување, можел да биде од истиот материјал како сакото или од посветол. Панталоните биле во риги од волнен серж. Се носела кравата и свилена капа-цилиндер, заоблена капа-полуцилиндер или шешир од филц. Фракот со дупло закопчување, долг до колена, од црна или темносива волна, се носел на формални вечери, но во почетокот на 20. век веќе бил за постари мажи. После 1900 година, се појавуваат костумите кои како и денешните одела се целите направени од ист материјал. Обично се високо закопчани до вратот, со кратки ревери, со предници заоблени на долниот раб. Со костумите се носеле капути од волнени штофови, високи чевли-получизми и шешири од филц.

На семејните фотографии децата се обично сликани во празнична облека. Девојчињата се облечени во широки фустанчиња со карнери и набрани ракави во светли бои. На нозете носат длабоки чевли или получизми. Момчињата се облечени во палтенца, панталони и кошули. Во овој период многу модерни биле морнарските фустанчиња и одела. (Сл.20)



19. Дводелен фустан за млада жена од кафен дамаст со шарени цветови. Кратово, почеток на 20. век.

Промените кои настаналена почетокот на 20. век, после балканските и Првата светска војна, кога Македонија влегува во составот на кралството Југославија, довеле до осиромашување на локалното граѓанско и интелектуално јадро. Поради тешките услови за живот, огромен број на семејства се иселувале во околните ослободени земји или во Америка. (Историја на македонскиот народ,1969, 257) Во овој период се интезивираат и стануваат доминантни европските влијанија во сите сфери на животот, па и во облекувањето. Ориенталните елементи во облеката се напуштаат и во градовите станува доминантна модерната европска облека.

Многу малку примероци од градската носија и модната облека од почетокот на 20. век се зачувани во музејските колекции. Причина за тоа е што во годините на немаштија, старите облеки многу често се преправале. Во музеите има зачувано повеќе горни делови – блузи, наметки и ситни предмети кои не можеле да се преправат за разлика од долништата каде што имало широки парчиња материјал кои можеле да се искористат. Исто така, голем дел од облеките биле упропастени поради осетливоста на материјалите но и при нивното користење како костими за разни фолклорни групи или за маскирање за Поклади. Зачуваните предмети во музеите и старите семејни фотографии се од непроценлива вредност и значење за секој проучувач на историјата на облеката во Македонија. Недостигот на други извори и податоци за локалните варијанти, терминологијата и специфичностите на облеката, ни дозволува да направиме само една општа слика на начинот на облекување и на трендовите кои влијаеле на неговите промени.

20. Жена со деца, Битола, почеток на 20. век.



*Sanja Dimovska*

# URBAN COSTUME AND FASHION DRESS IN MACEDONIA

## IN THE 19TH AND EARLY 20TH CENTURIES

**Summary**

The processes of modernization and westernization of the Balkan countries in the 19th c. were irregular and uneven. Those transformations were delayed and moved slower in Macedonia, as it remained within the borders of the Ottoman Empire until the Balkan wars in 1912-1913.

The Christian merchants, craftsmen and migrant workers had the leading role in changing the way of life in the Macedonian towns. During the 19th c. they took an active part in the administration of the towns and markets. The city bazaar, *charshiya,* was the core of the entire economic and social life, dictating the socially accepted behavior with a number of unwritten rules and norms. But it was essentially oriental, profoundly traditional and patriarchal. The novelties and the European manners were introduced slowly and unevenly throughout the country.

In the 19th century, the wealthier Christian craftsmen and merchants were wearing Turkish-style costume made of both local and imported fabrics, embel-



21. Дводелен фустан од брокат во боја на тутун, дезениран со цветови. Куманово, почеток на 20. век.



lished with gold-thread couched embroidery and braids. It was a multilayer system of clothing worn one over the other, leaving the inner layers partly visible. The shirts and the underpants were made of homemade cotton and silk fabrics. The upper garments were made of imported textiles such as *cuha* – a felted woolen cloth, silk and cotton velvet, variegated striped silk, as well as other patterned textiles. The oriental garments of the Christian men in Macedonia differed from the dress of the local Turkish rulers in the choice of materials and their colors, as well as in the more modest embellishment. The *anteriya* -made of silk and the fur *kyurk* were garments symbolizing the social and economic status of the respectable and wealthy craftsmen and merchants. The poorer Christians in the towns had their clothes made by the local tailors. Their garments were made of local homemade cloths with scarce decoration. Some of them were still wearing their traditional ethnic dress. This type of clothing with its local variants and modifications was present all over Macedonian towns.

The Turkish oriental style of clothing was dominant among the women during the entire 19th c. The Christian and the Turkish women, depending on their social and economic status, possessed various articles of clothing. Next to the skin they wore cotton or silk chemises with baggy trousers *cintiyan and* various kinds of upper garments such as *anteriya, elek, mintan, jube* and *kyurk* made of silk and mixed silk and cotton fabrics with intensive colors, velvet and *cuha*, richly decorated with gold-thread couched embroidery, braids and ribbons. On their heads they wore silk and cotton scarves decorated with lace – *oya* and jewelry made of coins. The Western European influences were introduced gradually by modifying the existing cuts or by the use of new fabrics for the clothes and their decoration. The increased mobility of the local population, the established contacts with the European and the neighboring countries, as well as the presence of the European manufactured goods at the local markets contributed to the changes in the life style of the urban population and the revision of the role of their traditional costume.

The distinctive item of the urban garments of the women, distinct from the European fashion patterns, was the dress derived from the local *fustan. This is* a type of ankle length, pleated shirtwaist dress made of cotton, woolen and silk fabrics. Its upper part is cut tightly to the body and buttoned in the front, with tight long sleeves. The older women used to wear dresses in darker somber colors while the younger ones wore dresses made of bright patterned fabrics. The *fustans* were combined with the typical oriental upper garments such as *kyurk, saltamarka* and *libade*, which remained unchanged in their cuts and decorations long after this ensemble was created. Very often an apron was worn over the *fustan*, while the head was covered with scarves decorated with *oya* laces. The combination of the *fustan* with the traditional, well established, upper garments created a costume whose appearance did not distinguish a lot from the traditional patterns. The urban costume reflects the conservatism and traditionalism of the higher and middle classes, who were its creators and guardians,

but at the same time they were the carriers or the changes and modernity in the society.

The transformations of the urban garments run gradually, during a longer period of time but, at the same time, their variants were of long duration. The representative clothes gradually altered into everyday clothes and clothes for elderly men and women, who, according to the patriarchal code should not accept changes. The transformed elements of the garments continue to exist in the clothing of the rural population and were used during the ritual feasts with masks and concerts of musicians performing traditional urban songs.

The urban elite, wealthy merchants and Turkish gentlemen were the first to wear European-style garments. Local urban people could see the European fashion clothes and accessories worn by the European merchants and diplomats in Macedonia since the early 19th c. The appearance of the latest European models of dresses, suites and accessories was a common sight on the streets of the towns, especially in the second half of the 19th c. The young and educated men and women were the first ones to accept the new fashion trends from Europe. Even the Turks abandoned their traditional costume. The so called *Frenk* tailors made European clothes for both sexes. The local traditional shoemakers started making new models of shoes. The garments preserved in the museum collections in Macedonia and the old family photos, from the late 19th and the early 20th centuries, presented at this exhibition, demonstrate the transformation of the urban clothes in Macedonia from the oriental Turkish costume to the contemporary European fashion garments.



22. Дводелен фустан од црн сатен, украсен со тантела и ленти со мониста. Битола, почеток на 20. век.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Barışta Örcün, Tehniques in Turkish Embroidery, Technical Teacher Training College, Ankara 1978, 47

Велева Марија, Облекло и накити, Българска народна култура, Наука и изкуство, София, 1981

Goldthrope Caroline, From Quean to Emperess: Victorian Dress 1837-1877, Metropolitan Museum of Art, New York, 1988

Историја на македонскиот народ, книга втора, ИНИ, Скопје, 1969

Јовановић Др. Милка, Грађанска ношња у XIX веку, ГЕМ 44, Београд, 1980

Julian Philippe, La Belle Epoque, Metropolitan Museum of Art, New York, 1982

Кьнчов Васил, Избрани произведения, Том I, Наука и изкуство, София, 1970

Константинов Милош Хр., Занаети и еснафи во Битола и околијата, Научно друштво Битола, кн.2 одделни трудови, Битола, 1961

Коцић Марија, Ориентализација материјалне културе на Балкану-*Османски период XV-XIX век*, HESPERIAedu, Београд, 2010

Куба Лудвиг, Книга за Македонија, Патувања и студии од 1925 до 1927 година, Македонска реч, Скопје, 2007

Михайлова Ганка, Градско облекло, Етнография на Бьлгария, Том II Материална култура, БАН София, 1983

Papantoniou, I., Greek costumes- EnΔymatologoΣ, ΕΛΛΗΝΙΚΕΣ ΦΟΡΕΣΙΕΣ, 1976, ΠΕΛΟΠΟΝΝΗΣΙΑΚΟΝ ΛΑΟΓΡΑΦΙΚΟΝ ΙΔΡΥΜΑ ΝΑΥΠΛΙΟΝ

Патеписот на Кузинери од 1816 г., Македонија во делата на странските патописци 1778-1826, Мисла, Скопје, 1991

Патеписот на Мекензи и Ирби од 1863 г., Македонија во делата на странските патописци 1850-1865, Мисла, Скопје, 1992

Патеписот на Михаил Хитрово од 1861-1864 г., Македонија во делата на странските патописци 1864-1874, Ѓурѓа, Скопје, 2000

Патеписот на Хенри Тозер од 1865 г., Македонија во делата на странските патописци 1864-1874, Ѓурѓа, Скопје, 2000

Патеписот на Морис Кристал од 1875 г., Македонија во делата на странските патописци 1875-1878, Ѓурѓа, Скопје, 2001

Петровъ Гьорче, Материяли по изучванието на Македония, София, 1896

Prošić-Dvornić Mirjana, Odevanje u Beogradu u XIX i početkom XX veka, Stubovi kulture, Beograd, 2006

Scarce Jennifer, Women's Costume of the Near and Middle East, Routledge Curzon, London, 2003

Стојановић Добрила, Градска ношња у Србији током XIX и почетком XX века, каталог изложбе, Музеј примењене уметности, Београд, 1980

Souvenir, *Images o fthe Jewish Community*, SALONIKA 1897-1917, Athens, 1993

Тановић Стеван, Народна ношња у околини Ђевђелије, ГЕМ VI, Београд, 1931

Трайчев Георги, Градъ Прилъпъ, Македонска библиотека №6, София, 1925

Трифуновски Др. Јован, Старија женска ношња у Тетову, Народно стваралаштво и фолклор год. XXIV, св.1-4, Београд, 1985

Турски документи за македонската историја 1800-1803, 1, Скопје, 1951

Турски документи за македонската историја, 1818-1827, 4, Скопје, 1957

Хаџи-Васиљевић Јован, Град Битољ, Браство XIV, Друштво Светога Саве књ.23, Београд, 1911

Хаџи-Васиљевић Јован, Врањанска градска ношња ранијих година, ГЕМ VII, Београд, 1932

Цепенков Марко, Материјали литературни творби, книга 10, Македонска книга, Скопје, 1972

Шапкарев Кузман А., Избрани дела, том четврти, Мисла, Скопје, 1976

Шапкарев Кузман, Одбрани творби, Мисла, Скопје, 1987



ISBN 978-9989-917-60-8

9 789989 917608 >